Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР
акционерско друштво - Скопје
Бр. 02-488/23
25.12 2023 год.
СКОПЈЕ

ОДЛУКА

За надоместоци за извршување на брокерски услуги

1. Надоместоци за брокерски услуги на домашен пазар

1.1 Табела на брокерски провизии за тргување со акции на берзата

Вредност на трансакции Купување / продавање (во денари)	Провизија		
		Денари	%
До 10.000		200	
Од 10.001 до 30.000		500	
Од 30.001 до 50.000		800	
Од 50.001 до 100.000		1000	
Од 100.001 до 1.000.000			1,00
Од 1.000.001 до 5.000.000			0,90
Од 5.000.001 до 10.000.000			0,80
Од 10.000.001 до 15.000.000			0,70
Од 15.000.001 до 20.000.000			0,60
Преку 20.000.000			0,50

1.2 Табела на брокерска провизија за блок трансакции

Вредност на трансакција (во денари)	Провизија		
		Денари	%
До 10.000.000		100.000	
Од 10.000.001 до 30.000.000			0,70
Од 30.000.001 до 50.000.000			0,60
Преку 50.000.000			0,50

1.3 Табела на брокерска провизија за тргување со акции и удели во државна сопственост.

Вредност на трансакција (во денари)	Провизија		
	Мин. Денари	%	
		Акции	Удели
До 500.000	5.000	1,50	2,00
Од 500.000 до 1.000.000	10.000	1,30	2,20
Од 1.000.000 до 10.000.000	15.000	1,00	1,50
Од 10.000.000 до 20.000.000		0,90	1,00
Од 20.000.000 до 30.000.000		0,80	0,90
Од 30.000.000 до 40.000.000		0,70	0,80
Од 40.000.000 до 50.000.000		0,60	0,70
Преку 50.000.000		0,50	0,60

1.4 Провизија за учество на лицитација за акции во државна сопственост - 10.000,00 денари.

1.5 Провизија за тргување со обврзници

а) Тргување со обврзници – 0,5% од вредноста на трансакцијата

б) Тргување со обврзници на РМ 0,75% од вредноста на трансакцијата од продажната страна односно минимум 150 денари;

в) Тргување со обврзници на РМ 0,75% од вредноста на трансакцијата на куповната страна за трансакции преку 1.000.000,00 денари;

г) Тргување со обврзници на РМ 1,175% од вредноста на трансакцијата на куповната страна за трансакции до 1.000.000,00 денари.

2. Надоместоци за брокерски услуги на странски пазари

2.1 Провизија за брокерски услуги

Вредност на трансакција (во денари)	Денари	Провизија %
До 1.000.000		0,90
Од 1.000.001 до 6.000.000		0,70
Од 6.000.001 до 12.000.000		0,60
Над 12.000.000		0,50

2.2 Провизија за старателски услуги

Вредност на трансакција (во денари)	Денари	Провизија %
Провизија за трансакција		0,3
Минимална месечна провизија по сметка на хартии од вредност	300	

2.3 Провизија за порамнување на трансакција

Провизија за порамнување на трансакција	Денари	Провизија %
Провизија за трансакција		0,05
Минимална провизија по трансакција	600	

2.4 Провизија за исплата на средства од наменската парична сметка на трансакциска сметка на клиент – 0,3% од исплатениот износ

2.5 Провизија за испорака на хартии од вредност од старателската сметка на хартии од вредност – 2.000денари по ISIN

2.6 Провизија за корпоративни активности

Корпоративни активности	Провизија (во денари)
Наплата на приходи (дивиденди, купони, главници)	Без надомест
Конверзија на финансиски инструменти	3.000 + стварни трошоци
Застапување на собрание на акционери	20.000 + стварни трошоци

* Во точка 2 од оваа Одлука се наведени само провизиите кои ги наплатува ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје. Провизиите кои ги наплатуваат останатите посредници со кои се склучени трансакциите или кои учествуваат во извршувањето на брокерските и старателските услуги не се наведени во оваа Одлука.
* Клиентот е обврзан, освен провизиите наведени во точка 2 од оваа Одлука да и ги надомести на Брокерската куќа и сите провизии, даноци и останати стварни трошоци кои настанале при извршување на брокерските и старателските услуги на странски пазари.

3. Покровител на котација
а) вршење услуга на припрема на акционерски друштва за котација на официјалниот пазар на Берзата – 200.000,00 денари;

4. Инвестиционо советување – 6.000 денари по час.

5. Јавна понуда на хартии од вредност
а) извршување на трансакции и активности за сметка на издавач на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност –
- подготовка на барање за добивање одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда – 5% од обемот на емисијата;
- застапување на издавач на хартии од вредност во постапка на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза – 0,5% од вредноста на секоја поединична продажна трансакција.

б) за клиенти купувачи на јавно понудени хартии од вредност на берза се применува точка 1.1 од оваа Одлука.

6. Покровител на реализација на превземање на акционерски друштва согласно Закон за превземање на акционерски друштва.
а) за преземач - 5% од од вкупната цена на хартиите од вредност кои се предмет на преземање односно минимум 1.000.000,00 денари
б) за клиенти продавачи при реализација на превземање на акционерски друштва се применува точка 1.1 од оваа Одлука.

7. Управување со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент

Услуга	Ранг		Годишен надомест		Провизија по трансакција*	
	Од	До	Од вредноста на портфолиото*	Од капиталната добивка*	Акции	Обврзници
Управување со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент			2%	10%	0,4%	0,4%

* Годишниот надомест од вредноста на портфолиото се пресметува како процент од пазарната вредност на портфолиото утврдена според официјалните дневни просечни цени на хартиите од вредност во портфолиото 15 дена пред истекот на договорот со клиентот.
* Годишниот надомест од капиталната добивка се пресметува на разликата помеѓу пазарната вредност на потрфолиото утврдена според официјалните дневни просечни цени на хартиите од вредност во портфолиото 15 дена пред истекот на договорот со клиентот и вкупниот износ на сите вложени парични средства за времетраењето на договорот со клиентот..
* Провизијата по трансакција се наплаќа при склучување на трансакцијата при што вредноста на трансакцијата при купување се зголемува, а при продавање се намалува за износот на провизијата.

7.1 Провизија за преноси на хартии од вредност - 300 денари по барање зголемено за 200 денари по пренесен ISIN

8. Провизија за застапување на учесници на јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции

а) Провизија за застапување на продавач/и на јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции – 0,5% од вредноста на секоја поединична продажна трансакција

б) Провизија за застапување на купувач/и на јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции – се применива ставка 1.1

9. Одборот на директори го овластува Извршниот директор на Брокерската куќа да одлучува за намалување на надоместокот за поединечен клиент за користење на определена услуга, надвор од предвидените надоместоци со оваа Одлука, имајќи ги предвид следните околности: висината на прометот; вредноста на трансакцијата; фреквенцијата на тргување на клиентот; вредноста на постоечкото портфолиото на хартии од вредност на клиентот; потенцијалот за идна соработка; конкурентските понуди; минат промет.

Извршниот директор може да одобри исклучок од надоместоците пропишани во оваа Одлука и во други околности, кои не се наведени во претходниот став од оваа точка, доколку процени дека таквиот исклучок е во интерес на Брокерската куќа и не е во спотивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи.

Намалувањето на надоместоците утврдени во оваа Одлука се врши врз основа на одлука на Извршниот директор, за секој поединечен клиент и за секоја поединечна услуга, во која се наведува околноста поради која е одобрено соодветеното намалување.

10. Оваа Одлука влегува во сила и има важност од 01.01.2024 година и ќе се применуваат се додека не се измени со нова Одлука.

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје
Одбор на директори
Претседател
Кирил Митровски

